**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ИСРМ ОД ИНДУСТРИЈАТА

Согласно член 14 од Законот за стандардизација ("Службен весник на РМ" бр.54/02,84/12,23/13,41/14) ИСРМ отпочнува постапка за избор на нов член во Советот на ИСРМ –претставник од индустријата, кој го именува Собранието на ИСРМ за период од четири години.

Согласно известувањето дека на претставникот од Раде Кончар контактори и релеи ДОО, Скопје, кој е член во Советот на ИСРМ му престанал работниот однос во Раде Кончар контактори и релеи ДОО, Собранието на ИСРМ треба да донесе одлука за негово разрешување и одлука за именување на нов член во Советот на ИСРМ, претставник од индустријата. Со цел спроведување на постапката за именување на член во Советот на ИСРМ, потребно е да се достави писмен предлог на претставник од членките најдоцна до 30.05.2018 година.

Изборот на член во Советот на ИСРМ согласно член 21, став 5 од Статутот на Институтот за стандардизација на РМ, се врши на Годишно собрание на ИСРМ.